Предлагач: Градоначалник на Општина Битола
м-р Владимир Талески

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања
на Општина Битола

# З А В Р Ш Н А  С М Е Т К А
## НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2011 ГОДИНА

февруари 2012 година

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.“бр.5/2002) и член 36 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Битола (“Службен гласник на Општина Битола бр.10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 15. 03. 2012 година, донесе

# З А В Р Ш Н А С М Е Т К А
# НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА
# ЗА 2011 ГОДИНА

## Член 1

Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2011 година се состои од:

| Планирани | Реализирани |
|---|---|

**-Вкупно приходи 1.368.764.681,00 денари 1.158.732.241,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 425.953.486,00 денари | 302.273.781,00 денари |
| Неданочни приходи | 78.164.214,00 денари | 18.785.924,00 денари |
| Капитални приходи | 82.630.000,00 денари | 62.018.499,00 денари |
| Трансфери | 65.062.325,00 денари | 119.262.806,00 денари |
| Дотации | 605.582.645,00 денари | 597.943.427,00 денари |
| Приходи од самофинансирачки активности | 79.931.440,00 денари | 50.548.571,00 денари |
| Донации | 31.440.571,00 денари | 7.899.233,00 денари |
| Пренесено салдо од 2010 година | 81.091.308 ,00 денари | |

**-Вкупно расходи 1.368.764.681,00 денари 1.112.901.454,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | 1.367.664.681,00 денари | 1.112.308.832,00 денари |
| Резерви | 1.100.000,00 денари | 592.622,00 денари |

**-Салдо на 31-12-2011 година 45.830.787,00 денари**

**Член 2**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Основниот Буџет во износ од **27.410.851,00 денари** се пренесува како приход на основниот буџет на Општина Битола за 2012 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Дотации во износ од **6.456.823,00 денари** се пренесува како приход на буџетот на наменски дотации на Општина Битола за 2012 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Самофинансирачки активности во износ од **8.602.012,00 денари** се пренесува како приход на буџетот на самофинансирачки активности на Општина Битола за 2012 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на Буџетот на Донации во износ од **3.361.102,00 денари** се пренесува како приход на буџетот на донации на Општина Битола за 2012 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи и одливи по основни намени се искажани во Билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2011 година и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2011 година се прикажуваат расходите по програми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2011 година се објавува во Службениот гласник на Општина Битола.

Бр. 07- 06/4
15.03 2012 година
Битола

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**
Силвана Ангелевска